Број 02-1352/1
30.09.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ" број 82/2018) и член 69 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), во врска со поднесена пријава на тема за изработка на магистерски труд и предлогот од Наставно-научниот колегиум на Институтот за производно инженерство и менаџмент, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 16[та] редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 30 септември 2021 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за начинот на реализација на наставата на Факултетот во зимскиот семестар во учебната 2021/2022 година

1. Со оваа одлука се утврдува начинот на реализација на наставата на прв, втор и трет циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје во зимскиот семестар во учебната 2021/2022 година.

2. Наставата на Факултетот во зимскиот семестар во учебната 2021/2022 година ќе започне на 4 октомври 2021 година ќе се изведува исклучиво on-line, преку платформата Microsoft Teams.

3. Тестовите и испитите ќе се одвиваат со физичко присуство согласно работниот календар за учебната 2021/2022 година и важечките протоколи за заштита од вирусот Ковид-19

По исклучок, тестовите и испитите може да се спроведат on-line од страна на предметните наставници кои ќе се изјаснат за on-line спроведување на тестовите и испитите.

Тестовите и испитите спроведени on-line не може да се спроведат и со физичко присуство.

4. Лабораториските вежби за студентите во трета и четврта година на студии, предметниот наставник може да ги одржува со физичко присуство со почитување на протоколите за заштита од вирусот Ковид-19.

Лабораториските вежби со физичко присуство за студентите запишани во III и IV година на студирање ќе се изведат една недела пред првите тестови и една недела пред вторите тестови согласно работниот календар за учебната 2021/2022 година по распоред кој што дополнително ќе биде утврден.

5. Наставата на прв циклус студии задолжително ќе се изведува во термините определени со Распоредот на часови за зимскиот семестар во учебната 2021/2022 година, а на втор и трет циклус на студии во термини кои ќе ги определи предметниот наставник.

6. При реализација на наставата наставниците и соработниците имаат обврска да креираат Листа на присутни, како доказ за одржана настава и за евиденција за присутност на студентите. Согласно евиденцијата студентите ќе го остварат правото за добивање потпис по наставниот предмет, според условите за добивање потпис пропишани со предметната програма.

Студентите се должни наставата да ја следат со вклучена камера со цел утврдување на нивниот идентитет и присуство.

7. Се забранува снимање на наставата при нејзиното одржување. Неовластеното снимање, дистрибуцијата и споделување на неовластено снимени содржини претставува повреда на авторски права, како и повреда на заштита на личните податоци.

За повредите од ставот 1 на оваа одлука ќе бидат поведени соодветни постапки.

8. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката да се достави до: наставниците, студентите, студентска служба, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев

Scanned by CamScanner